## KRITIKA I BIBLIOGRAFIJA

**TEXTS, TABLETS AND SCRIBES.** *Studies in Mycenaean Epigraphy and Economy* offered to Emmett L. Bennett, Jr., edited by J.-P. Olivier and Th. G. Palaima, Suplementos a Minos Núm. 10, Salamanca 1988, 391, 8°.

Ова е зборник од десет опширни студии посветени на пионерот на микенската епиграфија E. L. Bennett, Jr., по случај на 70-годишнината од неговиот живот и 50-годишнината од неговата научно-истражувачка работа над микенските плочки. Додека A. Evans се обидуваше сам да ги прочита и издаде плочките што ги откри во почетокот на нашиов век во кноскиот дворец на Крит (1900—1904) и до смртта (1941) не допушташе некој друг да работи со нив, C. Blegen штом ги најде писмените документи од архивот на Несторовиот дворец во Пил во 1939 год., веднаш му го довери нивното проучување и издавање на тогаш младиот класичен филолог E. L. Bennett. На документите со непознато писмо Бенет им пристапи со сета сериозност и оттогаш непрестано работи над нив. Во 1947 год. тој ја одбрани својата докторска дисертација *За минојското линеарно писмо од Пил* и откако изврши предметна класификација на натписите според идеограмите, во 1951 год. го објави првото издание на *Пилските плочки*, една година пред да се појави *Scripta Minoa II* со кноските линеарни Бе плочки, започнати од A. Evans и завршени од J. Myres во 1952 година. Бенет има големи заслуги за подоброто издавање и на кноските плочки. Откако изврши корекции на *Scripta Minoa II* во 1952 и го ревидира текстот на плочките во транскирипција од R. Browning (1955), заедно со M. Ventris и J. Chadwick ги издаде *Кноските плочки* во латинска транскрипција според фонетската вредност на знаците што ја откри Вентрис, а кон содржината на *Scripta Minoa II* додаде нови 1524 фрагменти од плочки. Во 1958 тој ги издаде и плочките најдени во Микена. Со својот *A Minoan Linear B Index* (1953), со долгогодишното издавање на библиографското списание *Nestor*, како и со мошне критичните научни студии по одделни проблеми, тој ја задолжи извонредно многу младата класична дисциплина, микенологијата. Во знак на искрена признателност за тоа негови колеги и ученици му го поднесуваат овој содржателен и убаво подготвен зборник.

Статиите, посветени на славеникот, потекнуваат од врвни специјалисти за епиграфијата, текстот, писарите и организацијата на економиката во микенските дворци — проблематика со која Бенет се занимавал целиот свој живот.

J. Bennet во статијата „Однадвор во далечина" (19—41), прва по посветата и библиографијата на јубиларот, ја иследува географската економија на териториите што се наоѓале под власт на дворците. Нагласува дека егзистенцијата на дворците зависела од организацијата на заемните дејности со другите населени места од целата таа територија. Предмет на неговата студија е расветлување токму на тие врски преку комбинации на два вида податоци: писани — од дворските архиви и материјални — од археолошките раскопки. Тоа е всушност и проблематиката што ја третира авторот и во други свои прилози, а особено во докторската дисертација *Аспекти на административната организација на Крит во подоцнежниот минојски период II — IIIB*, раководена од J. Chadwick и одбранета на Кембриџскиот универзитет во 1986 г. Иако

се податоците од двата извора доста оскудни, тие се драгоцени, зашто се автентични и вака комбинирани и проучувани интердисциплинарно, тие пружаат далеку повеќе информации за микенската епоха која доскоро се сметаше за преисториска. Така на пр. во текстовите се спомнуваат имиња на божества со нивните епитети и количини на различни продукти што им се принесувале на жртва, а археолозите откриваат култни места, садови и др. со кои се служеле Микенците. Напомнува дека би било анахронизам за периодот на бронзената епоха да се издвојува економската активност на дворците од политичката и верската. Затоа, материјалот за економската географија ја истражува на поширок план. Доброто познавање на податоците од двата извора и откривањето на нивната заемна врска, покажува како се дополнуваат и збогатуваат информациите за микенскиот период.

Овде тој прво ја определува територијата врз која се протегала власта на дворците преку идентификација на топонимите, спомнати во плочките, со археолошките локалитети на таа територија. Потоа ја иследува природата на економското производство (земјоделие, сточарство, занаетчиство) со сочуваните материјални остатоци, проникнувајќи во начинот како се водела контрола над оддалечените места преку локалните првенци. Трето, ја расветлува историјата како дворците ја ширеле својата власт врз соседните поблиски и подалечни населени места. Така на пр., со доминацијата на кноскиот дворец над јужниот и западниот дел на Крит, постепено се намалувала политичката и административната власт на другите центри од таа територија, што се гледа и од постепеното намалување и, најпосле, прекин во употребата на линеарното А писмо. Ваквата методологија на иследување, навистина, е мошне корисна за расветлување на далечната микенска епоха.

Во статијата *Жените од Пил* (43—95) J. Chadwick дава исцрпна епиграфска, текстолошка и филолошка анализа на Aa, Ab, и Ad сериите од Пил, со кои се занимавал и Бенет повеќе од 30 години и многу придонесол за нивното правилно разбирање. И мнозина други микенолози ги интерпретирале овие документи, но по некои клучни прашања, особено за статусот и функциите на жените, како и за значењето на одделни скратеници и термини, досега уште не е постигнато заедничко становиште. Ch. најпрво ги истакнува заемните врски на плочките од спомнатите серии и ги објаснува нивните специфики, а потоа го дава нивниот текст по принципот што го примени Бенет уште во 1956 год., групирајќи ги натписите според предметот на којшто се однесуваат. Водејќи сметка за содржината, ракописот, одн. писарот на плочките, количините на дажби што дворецот ги определувал на работничките и нивните деца вклучени во работи од секојдневниот живот и во стопанството, Ch. наоѓа 49 групи жени со нивните ќерки и синови. Нив ги групира во два нееднакви дела според местото каде што биле стационирани. Најмногу (28) групи се наоѓале во Пил, во самиот дворец и уште 7 групи во други места од Овостраната /*Deweroaikoraia*/ провинција; потоа во Leuktron, центар на Оностраната /*Peraikoraia*/ провинција, 6 групи и уште 8 групи во други места од таа провинција.

Разгледувајќи ги досегашните интерпретации на сериите воопшто и на некои одделни проблеми во врска со нив, Ch. одобрува некои од предложените тези, а други отфрла како неосновани. На крајот доаѓа до следниов заклучок. Плочките се однесуваат за околу 1.500 жени и деца, заедно со еден релативно мал број мажи и момчиња — повеќе или помалку одраснати синови на жените. Сериите Aa и Ab претставуваат два пописа на жените од различно време. Повеќе од една половина од вкупниот број на групите биле сместени во Пил, а доста бил голем бројот и на оние што се наоѓале во Leuktron. Најголем број од жените во Пил биле ангажирани во домашни, секојдневни работи, како /*amphiq$^u$oloi*/ 'прислужнички', /*meletriai*/ 'мелачки на жито', /*lewotrokhowoi*/ 'прислужнички во бања' и др., но многу од нив биле вклучени и во производството на дворецот како: /*askētriai*/ '(текстилни работнички) што ги довршувале и украсувале ткаенините', /*ampuk-worgoi*/ 'што изработувале ленти за глава (ἄμπυκες)', /*ālakateiai*/ 'предачки (сп. ἠλακάτη)', /*histeiai*/ 'ткаачки', /*pektriai*/ 'гребенарки', /*rhaptriai*/ 'шивачки', /*lineai*/ 'ленарки' и др., што покажува дека текстилната продукција била мошне важна економска гранка во

Пил како и во Кнос. Паралелите со Ak плочките од Кнос (в. подолу статијата на J. T. Killen) покажуваат дека имало ист начин на стопанисување во двата центра.

Целта на пописот според Ch. била прво сместување на групите во одредени центри за вршење на извесни функции и второ, определување дажби на продукти за нивната прехрана. Очигледно, дворецот бил одговорен да ги храни работничките со нивните деца. Наспроти Tritsch, којшто смета дека жените биле слободни, Ch. наоѓа дека тие биле зависни од дворецот — „робинки", макар што не се наречени „*do-e-ra*" /*doelai*/. Тие овде не биле случајно собрани, не биле „прибегарки", а трајно настанети за да вршат некакви работи за дворецот. Тоа се гледа од нивниот попис во Aa и Ab сериите во различно време. Се водело евиденција за нивните деца дури и кога ќе одраснат (Ad серијата). На крајот објаснува како се на Пелопонез дојдени жените означени со етникони: /*Knidiai*/ 'жени од Книд', /*Aswiai*/ 'ж. од Азија', /*Ksiwiai*/ 'ж. од островот Хиос', /*Milatiai*/ 'ж. од Милет', /*Dzephurrai*/ 'ж. од Ζεφύριον' и др. Наоѓа дека местата од чии имиња се изведени етниконите не биле грчки колонии; претполага дека грчки трговци ги земале оттаму жените како во XVIII и XIX век некои белци што земале робови од Африка и со нив тргувале. Во плочките се спомнуваат и /*Lāwiāi*/ 'жени пленички', сп. ληίη 'плен'.

Sigrid Deger—Jalkotzy, која одамна се интересира за земјопоседништвото и социјалната структура на медитеранските општества од бронзената епоха, на Бенет му посветува статија под наслов: *Уште еднаш за Ea серијата од Пил* (97—122), каде што ги преиспитува плочките од мошне комплицираната Ea серија од споредбено-историска и филолошка гледна точка. Бенет беше прв (сп. *AJA* 60, 1956, 3—133) кој длабоко проникна во натписите од Eb/Ep и Eo/En серијата за земјопоседничите односи во пилското кралство. Ea серијата беше детално анализирана од M. Lejeune (Minos 15, 1974, 81—115 и C. J. Ruijgh (*Proceedings of the VIIth Congr. FIEC*, Budapest 1984, 477—483), сп. и студија од потпишаниот во *Godišnjak Centra za balkanološka ispitivanja*, ANUBiH, Sarajevo, knj. 22, 1986, 7 ss.). Но во оваа серија остануваат уште неразјаснети работи, за кои D.—J. и пишува. По деталната анализа на натписите таа наоѓа дека *ko-to-na ki-ti-me-na* /*ktoinai ktimenai*/ означуваат поседи на дворецот, а корисниците на земјата се лица што извршувале некаква служба за дворецот. Земјата, пак, означена како *ke-ke-me-na ko-to-na* била општинска, му припаѓала на *dāmos*. Таа се состоела, главно од пасишта, ливади. Не случајно во Ea серијата често се спомнуваат сточари, како корисници на *ke-ke-me-na* k., сп. *ko-do, e-ke, da-mi-jo*; *dāmos* во географска смисла означува територија, сп. *o-pi-da-mi-jo*, (сп. 'Επιδήμιος), *pi-*82*, *qo-u-ko-ro* 60 (PY An 830.12). Заклучува дека документите од Ea серијата се поврзани со /*lāwāgetās*/, 'војводата', на што порано укажаа и други микенолози. На плочките од оваа серија се спомнуваат лица што му припаѓале на војводата: колар, шивач, *e-te-do-mo* и др. Лицата регистрирани овде како корисници на земја се означени со нивните занимања: пчелар, говедар, пастир, свињар и др. Сигурно тоа не се обични овчари, свињари и др., а доверени лица на дворецот, кои биле должни да извршуваат одредени работи за војводата и други функционери. Сточарите *ko-do*, *ta-ra-ma-ta*, *du-ni-jo* и др. веројатно го снабдувале дворецот со волна, млечни продукти, месо, кожа и др.; шивачите ја шиеле обработената кожа во амови и друг коларски прибор. Лицето *a-pi-a$_2$-ro* кошто бил во ранг на /*koretēr*/ (On 300.2), а се спомнува и во Qa серијата, веројатно го снабдувал дворецот со материјали потребни за металските работилници. Некои занимања спомнати во Ea серијата, како *e-pi-we-ti-ri-jo*, *e-te-do-mo* и др. не се јасни и не може да се види какви услуги вршеле за дворецот.

Нов прилог претставува нејзината интерпретација на Ea 59.5: *ke-re-te-u*, *e-ke* , *e-ne-ka* , *i-qo-jo*. . . *Kretheus* држи земја заради коњот (*Docs* 260). D.—J. приведува асириски и египетски паралели за тоа како коњите од командантот на борните коли им биле давани на некои лица за чување и поради тоа тие користеле извесни привилегии. И овде на *Kretheus* за таа цел му се доделува земја — ливада (*ka-ma* или *ke-ke-me-na k.*).

Статијата на J. Driessen *Писарите од „Собата на плочките за колите“* од Кнос (123—165) претставува соопштение од една опширна палеографска студија што се наоѓа уште во процес на иследување. Овде го излага само методолошкиот пристап кон откривањето на писарите што ги оставиле овие плочки. Прво укажува дека основачот на микенската палеографија E. L. Bennett, потоа неговите последователи J.-P. Olivier и J. T. Killen ја откриле писарската практика, поделбата на административната работа и заеммните односи меѓу архивските одделенија. Меѓутоа, палеографијата на документите од „Собата на плочките за колите“ од Кнос среќава многу проблеми. Според J. Chadwick овие плочки претставуваат школски вежби на ученици што се поготвувале за писари. J.-P. Olivier условно му ги припиша овие плочки на писарот „124“ којшто е, според Driessen, безличен. Затоа на проблемот тој му пристапува студиозно со цел да го определи писарот, одн. писарите на овие плочки, давајќи им дури и лични имиња според почетните букви со кои ги означил Оливие: *A*(lex), *B*(ertrand), *C*(edric) и др.. Driessen се обидува да ги диференцира писарите преку систематски иследувања како на физичкиот вид на плочките, така и на графичките особености. Најпрво ја анализира глината од која биле направени плочките и наоѓа дека таа по состав се разликува од онаа што била употребена за другите плочки од Кнос. Констатира дека отисоци на прстите и дланките не можат да се откриваат, зашто серијата е составена, главно, од мали фрагменти. Но во обликувањето на плочките се забележуваат разлики, што покажува учество на повеќе раце. Разлики открива во формите на знаците и во растојанието меѓу нив, во повлекувањето на линиите, опистографијата (некои од плочките имаат знаци и од обратната страна), во вметнувањето на изоставени знаци и др. Врз основа на сите тие особености тој открива 10 „поголеми“ писари од кои се сочувани фрагменти од 230 плочки и четворица „помали“ на кои им припишува 48 плочки.

J. T. Killen во *Епиграфија и интерпретација на кноските записи за жените и платната* (167 — 183), третира проблематика во врска со организацијата на текстилната продукција во кноскиот дворец. Преку идентификација на писарите (103, 113, 115) тој прво ги поврзува $Lc^1$ и $Lc^2$ плочките со Ak серијата од кноскиот архив за групите жени ангажирани во текстилната мануфактура, а потоа прави аналогија со Aa и Ab плочките од Пил (сп. горе статијата на Chadwick). Наоѓа дека во двата центра имало писари што се грижеле за производството на определени стопански гранки во одделни места. Така, писарот 103 на KN $Lc^1$ регистрирал работнички групи од Кнос, Фест, Тиринс и др., а писарот 113 на $Lc^2$ бил задолжен за работничките групи од Кидонија и др. места на крајниот запад на осторов Крит. Писарот 115, пак, додавал информации на $Lc^2$ од обратната страна — веројатно тој вршел некаква контрола. Во Пил исто така Aa плочките се составени од двајца писари: бр. 4 за групите од Оностраната провинција и бр. 1 — за Пил и Овостраната провинција. Тој ги напишал и Ab плочките кои се однесуваат само за Пил и некои места од Овостраната провинција, а такви податоци нема за работничките од Оностраната провинција. И К. констатира дека плочките од KN Ak серијата имаат двојна цел: а. регистрирање на работните групи од жени и деца и б. врз основа на бројната состојба да се одредат месечни дажби на храна за групите.

Од анализата на PY Aa, Ab и Ad плочките се гледа дека во Пил имало децентрализација во производството; главните центри биле Пил и Леуктрон, но евиденција се водело на едно место — во дворецот. Во Кнос исто така открива децентрализација во производството, но забележува дека во кноскиот архив нема така подробни податоци за активностите во Кидонија и други места од западниот дел на островот. Со оглед на далечината, не е исклучено дека и таму се водела некаква прирачна архива.

Интерпретирајќи ги плочките за волна од Od серијата, констатира дека за завршните работи околу текстилот биле ангажирани мажи. Нов прилог дава преку спојување на фрагменти што им припаѓаат на плочки од оваа серија.

Нагласува дека има мал број плочки од L серијата што се однесуваат до преработка на лен и се обидува да ја открие нивната функција. Има јасни докази дека кноскиот дворец вршел подробна контрола за волнените производи

низ сите фази но за лените не пројавувал таков интерес. Во Пил се даваат многу поподробни податоци за преработката на ленот. Во Ab и Ad плочките ленарките се регистрирани заедно со другите жени што преработувале волна. Во Кнос, заклучува К. производството на ленот било поставено на други принципи, а имено, дворецот откупувал ленени платна. Таа трансакција е изразена со термините *o-no* и *qe-te-o*. Така на пр. во Пил, каде што се практикувал и ваков начин за добивање ленени платна, во Un 1312 како противвредност на платното се определува извесна количина жито, а во Кнос (L 693) вредноста на лените платна е пресметаната со бронза.

Mabel Lang ги иследува *Пилскиіе имиња на месша* (185—256), чиј број кај микенолозите варира од 185 до 256, во зависност од тоа како ги сметаат етниконите. Таа ги анализира топонимите во контекстот според идеограмите и врз основа на тоа открива каде каква економска гранка била развиена во пилското кралство. Прави преглед на топонимите и според тоа со кои лични имиња тие се сврзани и се обидува да го убицира местото што го носи дадениот топоним. Врз основа на извршената анализа на крајот доаѓа до неочекувани резултати. На табеларните прегледи, каде што ги внесува резултатите од анализата, забележува дека имињата на места сврзани со ковачите на бронза се концентрирани на релативно мала територија околу два главни центра: *ro-o-wa* и *re-u-ko-to-ro* (по еден во секоја провинција). Тоа ѝ дава повод да заклучи дека овие две места биле пристаништа каде што се растоварале суровите материјали за бронза и оттаму се распределувале по други места, веројатно богати со шума, суровина неопходна за топење и дефинитивна обработка на бронзата.

J. Melena во својот прилог *Белешки кон микенскаша филолоīија*: *Идеоīрамаша *142* (213—217), на шпански, се обидува да ја идентифицира идеограмата **142*, која се среќава во кноската Mc серија. Врз основа на текстолошката анализа на овие плочки тој ја поврзува идеограмата со зборот *ai-ki-no-o* сложенка од αἶξ, αἰγός, 'коза' и *-no-o* од основата на гл. νέομαι, νεῦρον, 'жила', за што авторот пишуавал пред 15 години (Minos 13, 1972, 29—54). Овде тој додава нови филолошки докази од хетитскиот, ст. индискиот и други и.-е. јазици, како и паралели за употребата на козји жили кај народите од Предниот и Средниот Исток во тоа време.

J. - P. Olivier дава систематски преглед на *KN*: *Da-Dg* плочките за овците преку неколку класификации со цел да ја реконструира првобитната состојба на овие документи. Во 1967 тој установи дека од најпродуктивниот писар во кноскиот дворец — 117 — се сочувани 723 плочки и фрагменти класирани во D серијата за стадата овци. Во 1984, меѓутоа, во музејот на Ираклион се пронајдени уште околу 3.000 фрагменти кои внесоа извесни промени и во D серијата.

Од плочките на Da — Dg серијата J.-P. O. извлекува податоци и ги подредува по азбучен ред, за: 1. имињата на овчарите, 2. топонимите, 3. имињата на „бирниците" — одговорни службеници на дворецот или сопственици, 4. за некои специфики на Da—Dg плочките, 5. број на стадата, 6. состав на стадата и 7. резултати од споредбите со плочките од збирната Dn серија, за која има пишувано порано (сп. SMEA 2, 1967). Како резултат од овие анализи ќе уследат прекласирања на плочките пред да се појави CoMIK IV (Корпус на микенските натписи од Кнос).

Зборувајќи за имињата на овчарите забележува дека тоа не се обични овчари што ги чуваат стадата. Еден од нив е одбележен како *i-je-*[*re*]*-u* /*hiereus*/ 'свештеник' и ја истакнува полисемноста на зборот *po-me*/*poimēn*/ 'пастир' кај Хомер и во христијанството. Списокот на овчари се состои од 592 лица, од кои 452 антропоними се исцело или делумно читливи, од 11 има траги, а 129 се изгубени поради оштетеноста на плочките. Меѓу овие 452 антропонима 290 се различни, повеќето (65%) *hapax*, а 102 се среќаваат и на други места. Од другите класификации се гледа дека стадата од вкупно 50.445 глави, претежно овни, биле распоредени во 30 места (според сочуваните топоними), под надзор на 14 службеници 'бирници'. На последниот табеларен преглед дава список на бројот на стадата според местата што може да се прочита и бројот што го реституира авторот во споредба со Dn серијата.

Th. G. Palaima, ученик и бивш асистент на E. L. Bennett, на својот професор му посветува опширна студија за *Развојот на микенското писмо* (269—342). Темата е, всушност, основниот проект на Центарот и архивите на егејската епиграфија при Универзитетот во Austin, U.S.A., основан на иницијатива од авторот. Со оглед на тоа што најстарите форми на пишување во западната цивилизација водат потекло од системите за пишување што се развиле и усовршиле во егејскиот ареал на Медитеранот (Крит, Цикладите, Кипар и сувоземна Грција), Th. P. си поставил амбициозна цел да собере фотографии од сите натписи со критското хиероглифско, линеарното А, линеарното Бе, кипроминојското, кипарското и др. писма; знаци на керамика, ѕидови и друг материјал; потоа да изработи индекси на археолошки, епиграфски, лексички, лингвистички и палеографски информации во врска со писмата, да организира и комплетира специјализирана научна библиотека за да им биде на услуга на сите заинтересирани за оваа материја. Ова е чекор напред од благородната дејност што ја вршеше и неговиот професор, славеникот Bennett, којшто исто така укажуваше и продолжува да укажува несебична помош на сите што ја бараат од него.

Идеите, изложени во спомнатата студија во овој зборник, Th. P. ги дискутирал пред специјалисти во Лондон, Њујорк, Брисел и др. места. Овде тој решава повеќе прашања во врска со потеклото и развојот на линеарното Бе писмо: *каде, која, зошто* било писмото создадено? Низ какви сѐ фази минувало? Во што се состои трансформацијата на линеарното А во линеарно Бе писмо и др. Различните одговори на овие прашања од страна на досегашните истражувачи му дале повод да се зафати со систематско преиспитување на проблемот. Проблематиката ја иследува со широк зафат од шест различни гледни точки: 1. Палеографски преку компаративни студии на формите од знаците на линеарното А и Бе; 2. Фонолошки аспект на двата система; 3. Структура на писмото и врската меѓу нивните фонетски и идеографски компоненти; 4. Природата на откриените документи; Хронологија преку археолошки докази и 6. Историски основи за појава и развој на писмото.

Најмногу простор им посветува на палеографските и компаративните студии. Анализира 25 линеарни А знаци, вклучително и оние на M. Pope од 1961. Наоѓа дека се знаците свртени кон десно, за разлика од хиероглифското од Фест кое врти на двете страни. Примерите на пет линеарни знаци свртени кон лево се сите од неадминистративни текстови. Th. P. прави мошне подробни анализи на формите од силабограмите со цел да открие како биле тие приспособени од LA во LB. Но не оди понатаму и не го ни покренува проблемот од каде е земена идејата за ваков нацрт на знаците во LA. Досега не е најден модел од кој би се послужиле Минојците за создавање на својот систем на пишување. Ова прашање допрва чека одговор.

Линеарното А престанало да се употребува околу 1450 пред н.е., а линеарното Бе се употребувало до 1250 год. пред н.е. Се обидува да го датира потеклото на линеарното Бе. За да одговаори на ова прашање тој ги иследува фонолошките и структуралните особености на писмата, водејќи сметка за досега веќе постигнатите резултати од Y. Duhoux, J.T. Hooker, M. Lejeune и др. Според Th.P. некои знаци се развиле под влијание на минојскиот фонолишки систем, на пр. *pte* од *pye*, $ra_2$ = *ri-ja* и *rra*/*lla*. Наоѓа 16 линеарни Бе знаци без паралели во линеарното А; од овие 16 знаци 9 се ретки и изолирани.

Во врска со идеограмите открива дека различните административни центри имале различен интерес за регистрирање на стоки и продукти. Зборовите покрај идеограмите означуваат: места, лица и разни економски трансакции: оданочување, собирање, складирање, распределба, жртвени приноси и др., сврзани со предметот на тие крајно лаконични текстови. Установува дека линеарното Бе е создадено од архетипни форми и дека LA и LB се блиски фонетски системи.

Разгледувајќи ги историските околности при кои се развиле LA и LB заклучува дека тие се појавиле како системи на дворците условени од економските потреби. Писмото имало за цел да го контролира зголемениот потен-

цијал на производството. Тогаш старата контрола со печати била заменета од документи со фонетски и идеографски знаци. Во подоцнежниот минојски I период писарите го создале системот на вакво пишување кое било прифатено од елитата на минојското општество, па започнало да се шири и во подолните општествени слоеви. Натписите на вази во складови укажува на степенот до кој било усвоено писмото во економските активности, но сепак писмото не било раширено насекаде.

Во одредувањето на хронолошките граници во развојот на LB тој им посветува посебно внимание на метричките знаци. Микенците имале свој метрички систем, различен од минојскиот и тоа е причина што не ги позајмиле и метричките делни знаци.

На крајот заклучува дека општества што зависат од координиран труд произведуваат вишок за непродуктивни слоеви од врвот на општеството. Густи населби (градови) порано или подоцна имаат потреба од централизирана форма на организација, а централизираната организација зависи од ефективното функционирање на администрацијата. Линеарното Бе писмо се појавува кога центрите од копното го достигнале овој степен на развој во подоцнежниот хеладски период, што се гледа од архитектурата на дворците во Микена, Тиринс, Пилос, Филакопи и др. и од развојот на микенската трговија од истото време. Интересно е дека во LB отсуствуваат директни податоци за трговија. Не може да се определи дали LB се зародило на Крит, на копното или другаде на Кикладските Острови, но сигурно е дека појавата на писмото е резултат од комплексна активност на истакнати економски и политички центри. Кнос и Микена се такви центри од кои се контролирале и производството и трговијата.

Последната статија во зборников е на Cynthia Shelmerdine за *Писарската организација и административната процедура* (343—384). Овде таа прво укажува колку е корисно проучувањето на плочките кога ќе се води строго сметка за местото каде се тие точно најдени и од кој писар се тие напишани, нагласувајќи дека за овој принцип на иследување огромни заслуги има токму E. L. Bennett со класификацијата на пилските плочки и идентификацијата на писарите од пилскиот архив. Кноските плочки се покомплицирани за таква класификација, затоа што се најдени измешани и не биле педантно одбележени местата каде биле тие откриени. Сепак, J.-P. Olivier успеа да открие 41 писар од главните и 25 помали писари. По објавувањето на неговата студија за *Писарите од Кнос* најдени се голем број нови фрагменти со чие сврзување се појавија нови плочки и класификацијата на *KT*[4] ќе претрпи извесни промени во сериските знаци и броеви.

C. Sh. се запира на писарската специјализираност во одделни економски активности и распределбата на трудот во кноскиот дворец, споредувајќи ги овие активности со пилските. J. T. Killen одамна установи дека кноските писари биле специјализирани за поодделни економски гранки, на пр. писарот 103 се интересирал исклучиво за текстил, 117 за стадата и др. C. Sh. разликува три категории на писари според степенот на специјализираноста: 1. *неспецијализирани*, ангажирани во повеќе економски сфери (како на пр. писарот бр. 2 од Пил — за бронза и мирисни масла; 2. *полуспецијализирани* што работеле на повеќе од еден аспект во една стопанска бранша (на пр. писарот бр. 141 од Кнос којшто ги напишал плочките од Fh серијата и) 3. *наполно специјализирани* писари што биле ангажирани само со еден аспект од една економска гранка. Во кноскиот архив такви биле 44 писари. По овие определби таа ги класира сите писари од Кнос приведувајќи долги списоци на плочки што ги напишале, на пр. писарот бр. 102 — неспецијализиран, ги напишал Ai и Ak плочките за текстилна мануфактура; 106 полуспецијализиран — F, E, G, Do, Dq плочки, поврзан со населеното место *se-to-i-ja*. Освен тоа на ист начин таа ги класира и канцелариите, според местото каде што се најдени плочките во дворецот. На крајот прилага и два додатка со списоци на писарите и плочките, како инструмент за понатамошни студии.

* * *

Во заклучок треба да се истакне дека целиот зборник претставува значаен прилог за микенологијата. Некои серии од микенските плочки, како и одделни проблеми во врска со нивната епиграфија и интерпретација, особено од доменот на микенската економија, се така систематски обработени, што во иднина кој и да се зафати со таа материја не може да ги одмине нив. Методолошкиот пристап на сите овде објавени трудови е така издржан што може да послужи како образец за понатамошни иследување на микенските текстови.

6. XI 1989. *П. Хр. Илиевски, Скопје.*

THOMAS G. PALAIMA, *The Scribes of Pylos*, Edizioni dell'Ateneo, Incunabula Graeca vol. LXXXVII, Roma 1988, pp. 288 (132 + 28 figures + 2 concordances + 50 tables of writing system + index verborum Mycenaeorum), 8°.

Повеќе од триесет години специјалистите по микенска епиграфија работат на што поверното издавање на писмените документи — глинените плочки откриени во центрите на микенската цивилизација. За таа цел од посебна важност е идентификацијата на писарите што зеле учество во пишувањето на плочките. Уште во 1958 год., Е. Л. Бенет направи обид за идентификација на ракописите од писарите на пилските плочки (сп. *Tentative Identification of the Hands of the Scribes of the Pylos Tablets*, Atti Pavia, 238—333), а Ж.—П. Оливие во 1967 год. објави систематска студија за писарите од кноскиот архив (в. П. Хр. Илиевски, *ЖА* XVIII, 1, 1968, 148—159). Во 1976 год., Е. Л. Бенет и Ж.—П. Оливие извршија ревизија на поранешните идентификации на пилските писари, (*PTT* II), но ја истакнаа потребата од ново, комплетно истражување на поодделните писари од одвој архив (*PTT* I, 14). Оваа задача под раководство на Е. Л. Бенет ја прифати младиот научник Т. Г. Палаима. Книгава е, всушност, неговата проширена и продлабочена докторска дисертација.

Авторот на оваа монографија си поставил две основни задачи: п р в о, да направи дефинитивна класификација на плочките според писарите и — табели на репрезентативните форми од знаците на секој писар. За исполнувањето на задачата тој го проучувал натписниот материјал на повеќе фотографии од секој текст. Потоа тој и од автопсија ја простудирал секоја плочка во депото на Атинскиот народен музеј, што му овозможило проверка на сите проблематични места. Автопсијата исто така му помогнала и при утврдувањето на физичките особини од плочките — димензиите, формата, бојата, составот и др.; в т о р о, што поцелосно да го реконструира системот на водење евиденција во Пил, исто како што го стори тоа Ж.—П. Оливие за кноскиот административен центар. На Т. Палаима му биле достапни и деталните белешки водени во текот на ископувањата во Пил од Блеген и други археолози, што му овозможиле да го утврди и местото каде што биле најдени плочките во рамките на комплексот на дворецот. Тоа придонело полесно да се разбере како работеле писарите, индивидуално и заеднички, кој предмет го воделе, какви текстови пишувале, каква улога имале во документациониот систем на Пил и каква била нивната меѓусебна интеракција. Врз основа на тоа може да се реконструира организацијата на економскиот живот во дворецот, зашто писарите биле службеници задолжени да водат надзор и евиденција за одделни стопански дејности.

Книгата содржи предговор, увод и четири глави.

1. Во п р в а т а глава, под наслов *Плочки класифицирани според писарите* (pp. 35—113), е извршена детална анализа на плочките што ги напишал секој писар поодделно. Притоа, покрај писарот, Палаима користи неколку критериуми при анализата на текстовите што овој ги пишувал: а) пред секоја